ИЗЈАВА
**ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР**

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Шпаркасе Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Контролор), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

**1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?**
Контролорот собира лични податоци преку системот за видеонадзор од следните причини (цели):

- да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории..) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).

Системот за видеонадзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се обијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видеонадзор се инсталираат на Деловни згради и експозитури, односно благајни, сеф простории, банкомати, клиентски простор, влез и излез во објектите, надворешен простор пред и околу објектите, систем сала и мониторинг простории, и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (објекти), вклучително и имотот (на пример за паркирање).
Системот со видеонадзор ја опфаќа областа на: да се даде детален опис (на пример: влезните и излезните места на зградата, влезните места во зградата, гаража и надворешна површина на зградата...)

**2. Какви податоци собира Контролорот?**
Контролорот собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

**3. Кој е одговорен за обработка на податоците?**
Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кое ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личнитеподатоци. Покрај тоа, Игор Бојковски е лице за контакт и одговорно за видеонадзорот.

**4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видеонадзор?**
Контролорот користи опрема за видеонадзор за (да се наведе една или повеќе од наведените цели):
- заштита на животот или здравјето на луѓето;
- заштита на сопственоста;
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата;
или
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.
Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личнитеподатоци.

Покрај тоа, на влезот на сите објекти на банката и експозитурите , има видливо и јасно истакнато известување за видеонадзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видеонадзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видеонадзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзор.

**5. Кој може да ги види моите лични податоци?**
До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видеонадзор (на пример: членовите на безбедносниот персонал на Контролорот или од ангажираната Агенција за приватно обезбедување). Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на Директор на Дирекција за имот, логистика и безбедност.

**6. Како да ги контролирате вашите податоци?**
Може да испратите барање на Шпаркасе Банка АД Скопје (на пример: е-пошта на contact@sparkasse.mk, адреса ул.Васил Иљоски бр.14, 1000, Скопје).

**7. Можам ли да пристапам до моите податоци?**
Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Шпаркасе Банка АД Скопје, или преку е-пошта до:contact@sparkasse.mk.

**8. Можам ли да ги менувам моите податоци?**
Не е дозволено изменување на видео записот за видеонадзор.

**9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**
Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање на Шпаркасе Банка АД Скопје (на пример: е-пошта на contact@sparkasse.mk, адреса Ул.Васил Иљоски бр.14 , 1000, Скопје), кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработка и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10. Дали можам да ги избришам моите податоци?**
Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време со испраќање на барање на Шпаркасе Банка АД Скопје (на пример: е-пошта на contact@sparkasse.mk, адреса Ул.Васил Иљоски бр.14, 1000, Скопје.), кога обработката е незаконска.

**11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**
Вашите податоци се чуваат во Контролорот, освен ако не побарате од Контролорот или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

**12. Дали имам право на приговор?**
Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање на Шпаркасе Банка АД Скопје (на пример: е-пошта на contact@sparkasse.mk, адреса Ул.Васил Иљоски бр.14, 1000, Скопје.), кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**13. Што можам да направам во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до contact@sparkasse.mk и да побарате да преземе акција.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на Blazenka.MicevskaPejkova@sparkasse.mk.

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните

податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

**14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видеонадзор?**
Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

**15. Безбедност на личните податоци**
Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

**16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?**
Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци до исполнување на целите за кои се врши видеонадзорот, но не подолго од 30 дена календарски денови по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видеозаписи автоматски се бришат.

## Цел

Со цел за заштита на животот и здравјето на вработените, клиентите, посетителите и имотот, Банката применува физички и технички средства со пропишани стандарди. Во технички средства за заштита спаѓа примената на системот за видео надзор.
Целта за поставување на видеонадзорот е да се заштити имотот од провалување, кражба или вандализам, обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории само за безбедносни цели, причини кои претставува легитимен интерес за поставување на видео надзор само на просторот кој е доволен за исполнување на целите за кои е поставен.

## Подрачје на примена

Правилникот за начинот на вршење на видео надзор се применува и важи за сите објекти на Банката каде е исталиран систем за видео надзор.

**П Р А В И Л Н И К**
**за начинот на вршење на видеонадзор**
**на Шпаркасе Банка АД Скопје**

### Основни одредби со опис на системот за вршење на видеонадзор

Видео надзорот, Банката го врши врз основа на овој Правилник, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци, Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор и Правилникот за содржината на анализата на целта односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеоназдор.

Овој Правилник се однесува за видеонадзор што се врши во деловните простории на Банката (Деловни згради, филијали/експозитури, објект под закуп и објекти во владение) како и на банкоматите на Банката.

Системот за видеонадзор е составен од аналогни и дигитални видео камери, дигитални видео рекордери и монитори, распоредени на предефинирани локации низ објектите на Банката.

Со Правилникот за начинот на вршење на видеонадзор се уредуваат:

- Начинот на вршење на видеонадзор (цели, исклучоци, известување и содржина на известување за вршење на видеонадзор);
- Техничките спецификации на опремата за видеонадзор;

- Правилата за видеонадзор;
- Категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор (податоци кои се собираат при вршење на видеонадзор и рок на чување на снимките);
- Постапка за увид и пристап до видео снимките (овластени лица, пристап до дигитални видео рекордери за чување на видео снимките (на локација Дирекција, експозитури и од банкомати), поднесување на барање за увид и барање на информација од субјект на лични податоци;
- Прегледување на снимките;
- Влегување во сила на Правилникот.

Одговорноста за спроведување и придржување до овој правилник е на Соработникот за безбедност, Офицерот за заштита на лични податоци, Одговорните за експозитурите и останатите објекти на Банката, како и сите вработени во Банката според посебните точки наведени во овој Правилник.

## Цел, односно цели на обработка на личните податоци

Банката врши видеонадзор во своите службени/деловни простории согласно член 90 став (1) од Законот за заштита на лични податоци за:

- Заштита на животот или здравјето на луѓето;
- Заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата;
- Заштита на сопственоста;
- Обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Соработникот за безбедност задолжително врши анализа на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот пред започнување на процесот за воспоставување на систем за вршење на видеонадзор која е составен дел од документацијата за воспоставување на системот на вршење на видеонадзор.

Анализата задолжително содржи и мислење од Офицерот за заштита на личните податоци во Банката, во однос на воспоставувањето на системот за вршење видеонадзор.

Притоа во предвид се земаат причините за поставување на видеонадзорот како и опис на недвижните и подвижните ствари кои ќе се заштитуваат со поставувањето на видеонадзор.

При поставувањето и дизајнот на системот за видеонадзор, потребно е да се земе предвид следното:

- Природата на работите што Банката ги извршува во експозитурите и потребата да обезбеди сигурност и безбедност на вработените, клиентите и средствата, системот за видеонадзор предвиден е да работи нон-стоп 24 часа на ден;

• Опремата за видеонадзор да се инсталира само над подрачјата за кои претходно е утврдено дека треба да се надгледуваат;

• Максимално намалување на можноста за поместување и преместување на камерите со цел неовластени лица да не можат да го манипулираат системот и да ги пренасочат камерите;

• Опремата за снимање и други елементи од системот за видеонадзор мора да бидат сместени во строго контролирана зона каде имаат пристап само овластени лица;

• За далечински пристап (remote access) кон системите за видеонадзор по локации со цел преземање, оперирање, одржување или ревизија на делови или целиот систем. Банката применува современи технички решенија со кои ги обезбедува потребните заштитни мерки во процесот на обработката со цел личните податоци да бидат достапни единствено на Овластените лица.

## Категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор

Предмет на обработка е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува. Под поимот идентификувано или физичко лице кое може да се идентификува е лице е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја, специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет, чија обработка е дозволена со закон.

Преку системот за видеонадзор се обработува слика/снимка на лицата/објектите кои се наоѓаат во периметар на камерите кои покриваат:

• Површина во сопственост на Банката;

• Површина која се користи од страна на Банката за деловни потреби и на која има сопственост на Банката или

• Јавна површина во непосредна близина на објекти кои се сопственост на Банката.

Личните податоци се користат од страна на овластени лица во Банката во случај на испитување на сомнежи по сигурноста на сопственоста на Банката, периодична контрола и/или трети страни кои се законски овластени (Министерство за внатрешни работи, Јавно Обвинителство, Судови) да ги побараат овие податоци.

Личните податоци кои се предаваат на законски овластени институции, се на цд-а или друг дигитален медиум, при што дигиталниот медиум се предава лично, а за примопредавањето се составува Записник за примопредавање на снимки.

Банката не врши Видеонадзор над:

- Гардероби, соблекувални, санитарни чворови, лифтови и други слични простории;

- Простории или делови од простории наменети за манипулација со содржината на личните сефови на граѓаните.

Податоците кои се собираат при вршење на видеонадзорот, се слики без звук, кои се однесуваат на идентификувано лице или на лице кое може да биде идентификувано, директно или индиректно, со цел да се следи неговото однесување заради целите предвидени во овој Правилник.

## Пристап

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор, Соработникот за безбедност задолжително води евиденција која ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на овластеното лице;
- Датум и време на пристапување;
- Цел за пристапување;
- Датум и час на направената снимка кон која се пристапува;
- Датум и време
- назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот;
- Вид на медиумот во кој е содржана снимката од видео надзорот и
- Други податоци согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.
- Работна станица од каде се пристапува до системот ако прегледот се прави преку компјутерски систем;
- Запис/доказ за авторизација за секое пристапување;
- Запис за секој неавторизиран пристап (доколку таков се открие), како и

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична проверка на евиденцијата за пристап кон овие податоци, според Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци и изготвува извештај за извршената проверка и за констатирани неправилности.

## Постапување по однос на судска наредба или други органи и лица овластени со закон

Доколку во Банката е примена судска наредба или барање од други органи овластени со закон, за обезбедување на снимки од извршен видео надзор, кои би послужиле како доказ во судска постапка или друга постапка, Соработникот за безбедност со записник за примопредавање на снимки ги предава на судот и другите надлежни органи бараните информации, при тоа почитувајќи го рокот определен во судската наредба во соработка со членовите од комисијата за видео надзор. За извршеното примопредавање на видеозаписите го известува Офицерот за заштита на лични податоци.

SPARKASSE
Bank

### Барање на информација од субјект на лични податоци

Доколку субјект на лични податоци побара информација на инфо контактите од истакнатото Известување за вршење на видео надзор, одговорното лице овластено да дава информации за видео надзорот е должно да му обезбеди на субјектот соодветна информација, а доколку не е во можност да обезбеди информација, се составува Комисијата, која е должна да одговори на барањето на субјектот на личните податоци.

### Прегледување на снимките

Снимките се прегледуваат само во исклучителни ситуации, поради:

- Инциденти кои резултирале со загрозување на здравјето и животот на извршителите и трети лица;
- Инциденти кои резултирале со уништување или оштетување на имотот на Банката или на трети лица;
- При постоење на сомневање за сторено кривично дело;
- По писмено барање на надлежни државни органи;
- Барање на субјектот на лични податоци;
- Во други случаи предвидени со позитивните законски акти;
- По налог на надлежен Член на Управниот Одбор на Банката;
- По налог/барање од Дирекција за внатрешна ревизија на Банката, одобрено од Директор на Дирекцијата за внатрешна ревизија.

### Комисија

Банката формира комисија од 3 лица, составена од Овластените лица за преглед на снимениот материјал. Налогот за вршење на преглед на видео снимки треба да биде пополнет, по барање на релевантната страна (подносителот на Барањето), а одобрен од страна на Директор на сектор/Директор на дирекција.

Членовите на комисијата, задолжително треба да:

- Бидат запознаени со начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци;
- Вршат обработка на личните податоци согласно со упатствата и интерните акти на Банката,
- Освен ако со закон поинаку не е уредено и
- Ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

Извештајот треба да биде составен од прегледот, кој што ќе содржи заклучок за прегледаниот настан/инцидент.

## Рок на чување на снимките од видеонадзорот

Снимките направени при вршење на видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.

Снимките од видеонадзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот 30 дена, ако со друг закон е предвиден подолг рок во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци, но не подолго до исполнување на целта, односно целите.

Снимките од видеонадзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот 30 дена кога тоа е потребно за остварување на легитимниот интерес на Банката при водење на соодветни постапки согласно закон, за што Банката воспоставува интерни процедури за начинот на чување и бришење на снимките.

## Известување за вршење на видеонадзор

Банката на видливо и јасно место истакнува известување дека се врши видеонадзор во согласност со Законот за заштита на личните податоци кое е составен дел на актот за начинот на вршење на видеонадзор.

Информациите во известувањето мора да бидат транспарентни, разбирливи и во лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Известувањето е отпечатено во А4 формат.

## Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци

Во актот за начинот на вршење на видеонадзор контролорот го пропишува начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор согласно членовите од 16 до 26 од Законот за заштита на личните податоци.

За остварување на правата Банката донесува Изјава за приватност, која претставува составен дел од овој Правилник .

Изјавата за приватност е објавена на видно место во централата и експозитурите на Банката.

## Неовластен пристап и/или откривање (Нарушување на приватност)

Сите случаи на забележано неовластено обелоденување на видео записи од системот треба да бидат пријавени во согласност со Законот за заштита на лични податоци, Упатство за видеонадзор на Шпаркасе Банка АД Скопје.